РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2043/1

Скопје 05.04.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:** **Изборниот штаб на кандидатот за претседател Стево Пендаровски**
(pretsedatel2019@gmail.com)

**Предмет: Одговор на допис**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис во кој се бара Агенцијата да објасни врз основа на што тврди дека во ТВ спот на кандидатот за претседател Стево Пендаровски има учество на малолетници, Ве известуваме за следново:

Ставот на Агенцијата беше изнесен преку соопштение за јавност, упатено до сите медиуми и до граѓаните кое е достапно на нашата веб страница www.avmu.mk, а не во дописи „испратени до одредени медиуми", како што се вели во Вашиот допис.

Реакцијата на регулаторното тело беше резултат на тоа што малолетници се појавија во спотови на повеќе кандидати за претседател и во неа не беше издвоен ниту еден кандидат поименично, вклучувајќи го и кандидатот Стево Пендаровски.

Изборниот законик, во член 76 став 3 забранува какво било учество на малолетници во платено политичко рекламирање, односно не прави отстапки ниту во поглед на тоа дали може да се одреди идентитетот на лицата или не, ниту дали се, како што се вели во Вашиот допис „силуети" и слично.

Агенцијата, и во претходни изборни процеси објавувала реакции за учество на малолетници во платено политичко рекламирање.

Инаку, со оглед на фактот дека барате прецизно објаснување, ќе ви посочиме еден пример - во телевизискиот спот на кандидатот за претседател Стево Пендаровски „Сите едно пееме", деца се присутни на неколку места:

1. Мајка поставува дете на дрво магнолија;
2. Родители туркаат количка со бебе покрај која се движи и дете;
3. Две деца трчаат снимени од грб.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**